# THE STRUCTURALIST METHOD IN THE TEACHING OF LITERATURE

**Vesna Kozhinkova**
University "Goce Delcev", Stip, North Macedonia, vesna.kozinkova@ugd.edu.mk

**Abstract:** The structuralist method in literary theory was affirmed in the sixties of the 19th century. Its appearance is the result of several literary and linguistic researches that began with the publication of the famous book of the father of modern linguistics Ferdinand de Saussure "Course in General Linguistics". It emphasizes the symbolic nature of language, where each sign has its own signifier (the sound side) and signified (the concept or meaning), emphasizing that the relationship between them is arbitrary and is based on historical and cultural conventions. The researches of the Russian formalists are also important for the emergence of structuralism**.** According to them, the basic task of literary-theoretical studies should be the form of works of art and the question of their creation. That is why the object of their interest is the "literary procedure" ie. the way the author shapes the work of art with the help of language. That language, according to the formalists, refers not only to what is said with it, but also to its own structure. From here, Jakobson introduces the notion of literariness, as a set of procedures that separate literature from the rest of literature. Particularly important for the establishment of the formalist method in literature is Vladimir Propp, who with his "Morphology of Fairy Tales" offered a structural model that can be used to describe all fairy tales. Structuralism basically represents an attempt to apply the linguistic theory of Saussure and the researches of the formalists in several scientific disciplines: anthropology, psychology, sociology and in the science of literature, i.e. the theory of literature**.** Modern teaching requires modern and different approaches to the artistic text. It should unreservedly follow all developments within the framework of literary theory that relate to the interpretation of works of art. That is why the methodology of literature teaching has an important task. As a synthetic science that unites research from several scientific disciplines, it should find the most appropriate ways and methods to bring literature closer to students. Of great importance is the teaching methodology, which should determine which scientific methods are most appropriate in the teaching of literature and transform them into teaching methods. In other words, the scientific methodology should be replaced by a teaching one. The subject of interest of this paper is to show how the structuralist scientific method can become teaching ie. operational and how it can help students in the analysis of an artistic text. As application material is the novel "Piraeus" by Petre M. Andreevski elaborated according to the model offered by Roland Barthes.

**Keywords:** teaching, structuralism, meaning, language, literature**.**

# СТРУКТУРАЛИСТИЧКИОТ МЕТОД ВО НАСТАВАТА ПО ЛИТЕРАТУРА

**Весна Кожинкова**
Универзитет „Гоце Делчев“ Штип, РС Македонија, vesna.kozinkova@ugd.edu.mk

**Резиме:** Структуралистичкиот метод во книжевната теорија се афирмира во шеесеттите години на 19 век. Неговата појава е резултат на повеќе книжевни и лингвистички истражувања кои започнаа со објавувањето на знаменитата книга на таткото на современата лингвистика Фердинанд де Сосир „Курс по општа лингвистика“. Во неа е потенцирана знаковната природа на јазикот при што секој знак има свој означител (звучната страна) и означено (поимот или значењето), нагласувајќи дека врската меѓу нив е произволна и се темели на историските и културните конвенции. Важни за појавата на структурализмот се и истражувањата на руските формалисти. Според нив, основна задача на книжевно-теориските проучувања треба да биде формата на уметничките дела и прашањето за нивното настанување. Затоа предмет на нивниот интерес е „книжевната постапка“ т.е. начинот на кој авторот со помош на јазикот го обликува уметничкото дело. Тој јазик, сметаат формалистите, не упатува само на она што е кажано со него, туку и на сопствената структура. Оттука Јакобсон го воведува поимот литерарност, како збир на постапки кои ја одделуваат книжевноста од останатата литература. Посебно важен за етаблирањето на формалистичкиот метод во литературата е Владимир Проп, кој со својата „Морфологија на бајките“ понуди структурен модел со кој можат да се опишат сите сказни. Структурализмот, во основа претставува обид лингвистичката теорија на Сосир и истражувањата на формалистите да се применат во повеќе научни дисциплини: антропологијата, психолофијата, социологијата и во науката за книжевноста т.е. теоријата на книжевноста. Современата настава бара и современи и различни приоди кон уметничкиот текст. Таа без резерва треба да ги следи сите достигнувања во рамките на теоријата на книжевноста кои се однесуваат на толкувањето на уметничките

дела. Токму затоа и методиката на наставата по книжевност има важна задача. Како синтетичка наука која обединува истражувања од повеќе научни дисциплини, таа треба да ги изнајде најсоодветните начини и методи литературата да се доближи до учениците. Од голема важност е наставната методологија која треба да утврди кои научни методи се најсоодвени во наставата по литература и истите да ги трансформира во наставни методи. Со други зборови научната методологија да се замени со наставна. Предмет на интерес на овој труд е да покаже како структуралистичкиот научен метод може да стане наставен т.е. оперативен и како тој да им помогне на учениците во анализата на уметнички текст. Како апликативен материјал е романот „Пиреј“ од Петре М. Андреевски разработен според моделот кој го понуди Ролан Барт.
**Клучни зборови:** настава, структурализам, значење, јазик, книжевност.

## 1. ВОВЕД

Структуралистичкиот метод во книжевната теорија се афирмира во шеесеттите години на 19 век. Неговата појава е резултат на повеќе книжевни и лингвистички истражувања кои започнаа со објавувањето на знаменитата книга на таткото на современата лингвистика Фердинанд де Сосир *Курс по општа лингвистика*. Во неа е потенцирана знаковната природа на јазикот при што секој знак има свој означител (звучната страна) и означено (поимот или значењето), нагласувајќи дека врската меѓу нив е произволна и се темели на историските и културните конвенции. Важни за појавата на структурализмот се и истражувањата на руските формалисти. Според нив, основна задача на книжевно-теориските проучувања треба да биде формата на уметничките дела и прашањето за нивното настанување. Затоа предмет на нивниот интерес е „книжевната постапка“ т.е. начинот на кој авторот со помош на јазикот го обликува уметничкото дело. Тој јазик, сметаат формалистите, не упатува само на она што е кажано со него, туку и на сопствената структура. Оттука Јакобсон го воведува поимот *литерарност*, како збир на постапки кои ја одделуваат книжевноста од останатата литература. Посебно важен за етаблирањето на формалистичкиот метод во литературата е Владимир Проп, кој со својата *Морфологија на бајките* понуди структурен модел со кој можат да се опишат сите сказни. Структурализмот, во основа претставува обид лингвистичката теорија на Сосир и истражувањата на формалистите да се применат во повеќе научни дисциплини: антропологијата, психолофијата, социологијата и во науката за книжевноста т.е. теоријата на книжевноста.

Структурализмот, во основа, тврди дека постојат цврсти и стабилни структури кои управуваат со животот на луѓето и врз основа на кои се формираат модели. Во книжевноста тоа се микроструктурите и макроструктурите на уметничките дела кои овозможуваат создавање на општи модели преку кои можат да бидат опишани сите литераурни дела од еден жанр или од цела книжевна парадигма. При тоа значењето на текстот не треба да се бара во биографијата на авторот, неговата психологија, ниту, пак, како производ на некакви општествено-политички околности, туку во самиот текст и во неговата внатрешно организирана структура. „Значењето ниту е приватно искуство, ниту, пак, е резултат на божествена случајност: тоа е продукт на некои заеднички, општочовечки значенски системи“. (Иглтон, 2009: 33) Структурализмот внесе промени во проучувањето на литературата. Најпрво преку истражувањата на Лотман, но внесе промени и во проучувањето на расказноста. Така се оформи една нова литературна наука – наратологијата преку истражувањата на Алжерадис Греимас, Цветан Тодоров, Ролан Барт, Жерар Женет, Клод Бремон кои понудија нови и современи модели на структурална анализа во прозата.

Современата настава бара и совремни и различни приоди кон уметничкиот текст. Таа без резерва треба да ги следи сите достигнувања во рамките на теоријата на книжевноста кои се однесуваат на толкувањето на уметничките дела. Токму затоа и методиката на наставата по книжевност има важна задача. Како синтетичка наука која обединува истражувања од повеќе научни дисциплини, таа треба да ги изнајде најсоодветните начини и методи литературата да се доближи до учениците. Од голема важност е наставната методологија која треба да утврди кои научни методи се најсоодвени во наставата по литература и истите да ги трансформира во наставни методи. Со други зборови научната методологија да се замени со наставна. Предмет на интерес на овој труд е да покаже како структуралистичкиот научен метод може да стане наставен т.е. оперативен и како тој да им помогне на учениците во анализата на уметнички текст. Како апликативен материјал е романот „Пиреј“ од Петре М. Андреевски разработен според моделот кој го понуди Ролан Барт.

## 2. НАРАТИВНА АНАЛИЗА НА РОМАНОТ *ПИРЕЈ* ОД ПЕТРЕ М. АНДРЕЕВСКИ

Романот *Пиреј* на современиот македонски раскажувач Петре М. Андреевски е еден специфичен вид на македонски историски роман. Во центарот на раскажувачката опсервација се ставени историски настани од Светските војни кои ја зафатија Македонија. Во тие војни Македонија имала исклучително пасивна улога. Таа е само име, територија, а народот кој живее во неа е живо топовски месо за туѓи интереси. Романот

значи има еден сериозен историски фон. Но, тој фон би бил чисто историски и би оставил последици и врз дискурсот и врз приказната доколку не е вткаен заедно со усното предание на заедницата. Овој роман е и редок примерок за трнливиот пат кој го одеше и го изоди македонскиот роман, на неговото колебање меѓу реализам и модернизам. Па така ќе речеме дека тој по својата содржина покажува особености на реалистичен роман, а по својата форма е исклучително модерен роман.
Класичната реторика направи разлика меѓу мимезис и диегезис, меѓу раскажување и прикажување. Таа дистинкција ја прифатија подоцна сите теоретичари на дискурсот. Тодоров вели: „Во првиот случај се работи попрво за вметнување говори во текстот, божем изговорени или за себе формулирани, а во вториот за одбележување на незаборавни факти со говорите.” (Тодоров, 1991: 78) Предноста, според него, е на страната на расказот на говорите бидејќи истите можат да бидат вметнати со повеќе или со помалку точност. Женет сето тоа го дополни и предложи да се разликуваат три степена на вметнување: директен стил, индиректен стил и прекажан говор. Во првиот случај говорот не понесува никаква модификација, во вториот случај се чува „содржината” на репликата божем изговорена, но која пак граматички е интегрирана во расказот. Во последниот случај е обврската да се забележи содржината на актот на речта, а при тоа да не се задржува на ниеден елемент. Во романот *Пиреј* е присутна токму постапката на вметнување говор во текстот што за последица има две дејства поставени меѓусебно во однос на опозицијата меѓу презентот и настаните што се случиле во минатото. Првото дејство со кое започнува и завршува романот е погребот на Велика Мегленовска и тоа е прикажаното дејство, а второто е раскажано дејство.

**3. ФУНКЦИИ**

Секое раскажување е систем од единици. Тие најмали наративни единици се функциите. Она што ги прави единици на значењето е нивниот функционален карактер. Тие понатаму се распределуваат во мал број класи. Има две класи на единици: дистрибутивни и интегративни. Првите за корелати имаат единици од исто рамниште, а за заситување на вторите треба да се помине кон друго рамниште. Во групата на дистрибутивните единици се изделуваат две подгрупи: јадра и катализи. Јадрата се моменти на ризик, а катализите се зони на сигурност. И во групата на интегрантите има две подгрупи; индиции и информанти.
Дејството во романот „Пиреј” се сместува меѓу следните јадра:
- Бракот на Јон и Велика;
- Заминувањето на Јон на фронтот;
- Враќањето на Јон од фронтот;
- Потврден/негиран брак;

Првото крупно јадро во романот е склучувањето на бракот меѓу Јон и Велика. Таа крупна секвенца е составена од помали прости функции кои имаат вредност на катализи:
- Средбата меѓу Јон и Велика;
- Договорот за свадба;
- Брачната благосостојба;

Таа рамнотежна ситуација во првото јадро на романот е нарушена со она што Тодоров го нарече преминување од една рамнотежна ситуација во друга.
Второто крупно јадро во романот е заминувањето на Јон на фронтот. Тоа во исто време значи и негација на рамнотежната состојба од првото јадро. Таа негација е и негација на брачната благосостојба. Во рамките на него можат да се издвојат следните функции:
- Сонот на Велика;
- Смртта на децата;
- Воениот живот на Јон;

Сонот на Велика е функција од индициски тип. Знаците од сонот: водата, стожерот, поткопаните темели и дирецит, рикањето на кравата и магарето, кучешките загребини по гумното, дупката, празна и сува, се знаци кои понатаму се интегрираат во текстот и се заситуваат на други рамништа на приказната. Тој сон ги дава контурите на целиот текст па со право можеме да го дефинираме како дискурс во мало. Сонот со себе носи егзистенционална несигурност која подоцна ќе се оствари на биолошки план - губењето на децата - закана по мајчинството.
Воениот живот на Јон како функција може да има два корелата. Од една страна тој може да има вредност на катализа. Нејзината функционалност би била чисто техничка: да се запознае читателот со животот на Јон додека физички е одвоен од своето семејство. Од друга страна оваа функција може да стекне право на индиција – преку поминокот на Јон на фронтот да се види сета трагика на Македонецот кој во погрешно време се нашол на погрешно место. Тој Македонец во услови на недефиниран национален идентитет е

ставен во служба на туѓи интереси, тој ист Македонец е натеран да крене рака на братот (епизодата со Јон и Мирче).

Егзистенционалната несигурност генерирана еднаш преку сонот на Велика се повторува и тука. Да се преживее мора да се убие па макар и братот. Но моралните норми кои се биолошки мотивирани тоа го спречуваат. Заканата на биолошки план се повторува во односот со братот што отвара простор за нова - закана по татковството.

Војната е „завршена". Јон се враќа дома. Така се создаваат услови за третото јадро во романот: Враќањето на Јон. Тоа во себе ги содржи следните функции:

- Остварената закана по татковството;
- Деструкцијата;

И двете функции се од индициски тип. Деструкцијата на Јон е само логичка последица на текот на дејството.

Последното јадро во романот е Потврден/негиран брак. Ова јадро во себе вклучува само една индиција - раѓањето на Роден Мегленовски. Таа треба да се интегрира во симболичкиот код на делото - ако потврда за пирејството и неуништивоста на македонскиот народ.

Информантскиот слој во романот е релативно сиромашен. Времето на прикажаното дејство според присуството на бугарските војници е веројатно времето на бугарската окупација. Денот во кој се погребува Велика е пролетен ден, но таа информација треба да се интегрира во симболичкиот код - во тој убав ден единствено може да се погребува еден добар човек. Не знаеме и во кое село живее Велика. Намерата на раскажувачот е јасна - да се генерализира судбината на Јон и Велика, да се доживее истата како судбина на македонскиот народ. Ваквиот пад на информантскиот слој е уште една потврда дека станува збор за индициски роман.

**4. ЛИКОВИ**

*Пиреј* е во вистинска смисла на зборот роман на ликот. Тој лик е ликот на семејството етикетиран двапати преку „машката" и „женската" страна.

Женската страна на тој мултиплициран лик е ликот на Велика. Откако Јон ќе замине фронтот, таа ќе остане сама со петте деца. Од болести, глад, несреќи ѝ умираат сите пет деца. Прометејски се нејзините напори да ги спаси. Во услови на неукост таа ќе се потпира врз Бог, традицијата, суеверието, надежта. Таа е отелотворување на митскиот и социјален лик на жената која интегритетот на сопственото битие го црпи од својата биолошка предодреденост за раѓање, но и во воспитување на културното битие на својата рожба. Нејзината улога е да биде чуварка на автентичните културни вредности. Местото во патријахалната заедница е утврдено со фактот дека нема податоци за нејзиниот живот пред мажачката со Јон. Животот на жената започнува со нејзиниот брак. На таков начин и самиот лик на Велика е индициски. Тој е мултиплициран во ликовите на другите жени кои останале во селото да се грижат за куќата и за децата. И нејзиното лично име е мотивирано и е кондензант на наративната програма.

Ако преку ликот на Велика на преден план се даде митското опстојување, ликот на Јон е интегриран во она што се вика историско опстојување. Тој има „живот" и пред Велика. Тој негов претходен живот претставува редење на индиции кои подоцна ќе се интегрираат во неговата морална, човечка и биолошка деструкција. Кревањето рака на својот „татко" Висарион е почеток на неговиот пад и знак за неговата немоќ да се спротивстави на насилството во каков било облик.

Роден Мегленоски е шестото дете на Јон и Велика. Иако раскажувачот нè осиромашил со она што е реалистички приоритет кога станува збор за ликот, портретот, сепак неговата етикета е скапа. Тој е носител на идејата на романот. И самото негово име како кондензирана наративна програма е потврда за тоа.

**5. ДИСКУРС**

Цветан Тодоров посочи два аспекта на едно литературно дело во исто време, тоа се: приказна и дискурс. Приказна е бидејќи повикува некоја стварност, настани кои поминале и ликови кои се мешаат со личностите од вистинскиот живот. Делото во исто време е и дискурс верификуван преку раскажувач кој ја раскажува приказната, начините на кои тоа го прави и наспроти него е читателот на другата страна на комуникациската оска.

Раскажаното дејство го сочинуваат 28 одломки од кои 14 ја чинат Јоновата и 14 приказната на Велика. Тие две приказни воспоставуваат различни односи: одломките се надоврзуваат во хронолошки след на единствено дејство на изградба на заедничкиот сопружнички живот; одломки кои се надоврзуваат една на друга покривајќи го симултаното време на две различни дејства на одвоениот сопружнички живот (алтерниран дискурс) и одломки кои повторно се надоврзуваат една на друга во хронолошки след на единствено дејство на расчинувањето на заедничкиот живот. На таков начин раскажувачкото двогласие се

реализира со две различни приказни. Тоа подразбира и постоење на две гледни точки во романот: во одломките на Велика ги гледаме настаните со нејзини очи и ја доживуваме женската страна на приказната, во одломките на Јон настаните ги гледаме со неговите очи истовремено читајќи ја машката приказна. Истанцата на дискурсот е лична „јас" форма. Барт предложи две истанци на дискурсот; лична и безлична. Безличната истанца на дискурсот е стратегија на реализмот со цел обезбедување на максимум објективност преку присуството на т.н. безличен наратор. Покрај гледните точки на двајца „јас" раскажувачи постои уште еден кој хиерархиски е над нив тоа е Дуко Вендија. Тој е во исто време и машки и женски раскажувач добивајќи статус на променлив раскажувач.

Веродостојноста на овој текст е обезбедена од она што Аристотел го беше дефинирал како јавно мислење. Кодот на тоа јавно мислење е вткаен во мудрите изреки на Лазар Ночески. Раскажувачите во текстот своите кажувања ги срамнуваат во однос на неговите мудри изреки. Во знаењата на овој селски мудрец тие ја оправдуваат релевантноста на своите кажувања.

## 6. ПРИМЕНА

Примената на наративната анализа на час по книжевност подразбира во прв ред примена на соодветен наставен систем преку избор на соодветни методи, форми на работа и наставни техники. Тоа значи дека треба да се имаат предвид сите структурни елементи на наставниот процес, а особено односот наставник – ученик – наставна содржина. За наставата по книжевност, со оглед на современите барања, се инсистира на проблемско-творечкиот методички систем кој подразбира максимална активност и способност на учениците за решавање на литературни проблеми. Во овој систем особено доаѓа до израз развивањето на критичкиот став на учениците и развивање на нивните емотивно-сознајни способности за проникнување на слоевитоста на уметничкото дело. (Димова, 2011: 44) Во текот на наставниот час учениците проблемски, истражувачки и творечки му пристапуваат на делото. За овој методички систем карактеристични се: методот на рецепција, методот на естетска комуникација, ситуациониот метод, методот на дебатирање, методот на коментар и др. Учениците се во позиција сами да ги поставуваат проблемски прашања и кон нивното разрешување пристапуваат имајќи ги во предвид не само литературниот текст, туку и други текстови како извори на информации: критики, есеи, литературни лексикони и др. За овој наставен систем најпогодни форми за работа се групната и индивидуалната. Наставниот час со примена на овој методички систем кој го предлагаме за наративна анализа на романот „Пиреј" од Петре М. Андреевски, се одвива низ неколку фази. Најпрво се создава проблемска ситуација и дефинирање на проблемот. Потоа се пристапува кон дефинирање на функциите во романот и нивна поделба на дистрибутивни и интегративни. Во самостојната работа на учениците се пристапува кон изделување на јадрата, катализите, индициите и информантите. Преку дискусија се пристапува кон анализа и корекција на резултатите од истражувањата. Сето тоа може да се постигне преку примената на повеќе интерактивни наставни техники: Групно истражување, Споделено истражување, Литературни кругови, Сложувалка, како и некои дебатни техники. Изборот на наставната техника е избор на наставникот што зависи од неговата креативност, а по претходна проценка на сите услови на часот.

## 7. ЗАКЛУЧОК

Структуралистичкиот метод во книжевната теорија внесе нов пристап во анализата на литературниот текст. И покрај тоа што даде голем придонес во развитокот на книжевната теорија и развојот на други науки беше критикуван и оспоруван. Неговата претерана шаблонизираност, неисторичност и инсистирањето на длабинските структури на текстот за сметка на значењето беше причина за таквите критики и обвинувања. Карактерот на тие критики најдобро го објаснува Андоновски кој на едно место ќе запише: „Не верувај му на структуралистот и на неговите длабински структури, оти ќе те убеди дека исто е да слезеш во светот на мртвите по Евридика и во визба, по кисела зелка." (Андоновски, 2011: 8) И покрај ваквите критики сепак структуралистичкиот метод како наставен метод им нуди разновидност на учениците во толкувањето на литературниот тест.

## ЛИТЕРАТУРА

Андоновски, В., (2011). *Обдукција/абдукција на теоријата, Том I: Жива семиотика.* Скопје. Галикул.

Барт, Р., (1996). *Увод во структуралната анализа на раскажувањето*. Во: *Теорија на прозата*. Избор, превод и предговор Атанас Вангелов. Скопје. Детска радост.

Георгиевска-Јаковлева, Л., (2018) *Популарна култура: (теориски концепти и македонски книжевни практики)*. Скопје, Ми-Ан.

Димова, В. (2012). *Методика на наставата по книжевност. Литературното дело и реципиентот*, Штип. Универзитет „Гоце Делчев“.
Иглтон, Т., (2007). *Структурализмот и семиотиката*. Во: *Судбината на значењето*. Приредил: Венко Андоновски, Скопје. Култура.
Miščević, N. (2019). Marksizam i post-strukturalistička kretanja. Beograd. Orionart.
Михајаловић, Ј. Д., (2019) *Проблемски приступ настави граматике у основној школи.* Косовска Митровица. Универзитет у Приштини.
Младеноски, Р., (2018). *Теорија на книжевноста*, Штип. Универзитет „Гоце Делчев“.
Тодоров, Ц., (1991). *Поетика*. Превод Атанас Вангелов. Скопје. Наша книга.
Ќимова, Ѓ. (2018). *Методика на наставата по психологија*. Свети Николе. Меѓународен центар за славјанска просвета.